*РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА*
**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

**Предмет** Објава на оглас за практиканти

Бр. 40-4366/1
29-07 2019 год.

**Собрание на Република Северна Македонија**
Бул. 11 Октомври 10
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

Е-пошта:
sobranie@sobranie.mk

Врз основа на член 4 од Законот за практикантство (Службен весник на Република Северна Македонија број 98/2019) , Собранието на Република Северна Македонија распишува оглас за шест (6) практиканти во Парламентарниот институт.

Периодот на траење на практикантска работа изнесува шест месеци.

Работното време на практикантите е 20 часа неделно (половина од редовното работно време).

Практикантите имаат право на надоместок за практикантската работа, утврден согласно закон.

**Во согласност со барањата од Законот за практикантство, практикантите треба да ги исполнуваат следниве услови:**

- да се државјани на Република Македонија;
- да не се во работен однос;
- да не се постари од 34 години;
- да имаат дипломирано или да се студенти на завршна година на студии од областа на општествените или хуманистичките науки;
- да поседуваат добри вештини за писмено изразување и усна комуникација на англиски јазик.

**Документи за аплицирање:**

- CV (со вметната фотографија)
- Мотивационо писмо
- копија од уверение/диплома за завршено високо образование (за дипломирани), односно потврда од матичниот факултет дека кандидатот е запишан на завршна година на студии и доказ за постигнат просечен успех (за студенти на последна година на студии).
-копија од државјанство

Потребните документи, заинтересираните кандидати треба да ги доставаат во електронска форма, на електронската адреса parl.inst@sobranie.mk, или во писмена форма, преку пошта, на адреса на Собранието на Република Северна Македонија (со назнака: за оглас за практиканти во Парламентарниот институт).

При ангажирањето на практикантите, ќе се применува начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците и родово балансирано учество.

Сите кандидати кои ги исполнуваат условите ќе бидат повикани на интервју.

Огласот трае 10 дена од денот на објавувањето.

**Цветанка Иванова**

**Генерален секретар**

**Златко Атанасов**

Раководител на Парламентарниот институт